**ЗАПИСНИК**
**од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 29.08.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ,, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: д-р Милаим Фетаи, (годишен одмор).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, м-р Тања Лазороска, Димитар Тануров.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 32 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски најави дека г-дин Фетаи ќе биде отсутен поради користење на годишен одмор.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.08.2019 година.
2. Предлог–одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Дебар.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО поради прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми.
4. Информација за промена на сопственичката структура на ТРД АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ-Куманово, без претходно доставено известување до Агенцијата и без одобрување од страна на Агенцијата, со Предлог-Одлука.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот Записник од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.08.2019 година и со еден воздржан глас од г-дин Фиданоски и пет гласа „за" го усвои со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог–одлуката за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Дебар. Објасни дека по претходно доставено Барање од заинтересирана страна, Агенцијата првично се обрати до АЕК од каде што потврдија дека има слободни фреквенции. Откако се утврди дека има техничка можност, се изработи Студија која покажа дека постои оправданост за објавување на јавен конкурс бидејќи во подрачјето на општина Дебар не постои ниту една локална радиостаница. Во таа насока е и предлогот до Советот за објавување јавен конкурс.

Г-дин Петрушевски рече дека на минатата седница имаше дискусија околу ова барање. Кандидатот на чие барање е започната целата оваа постапка имаше барање и за Струга. Но тогаш бидејќи Студијата покажа дека не постои оправданост Советот го одби барањето и најавиле дека оваа можност за општина Дебар постои. Ова не значи дека истото лице ќе добие на конкурсот, туку ќе добие тој што ќе понуди најдобри услови согласно конкурсната документација.

Советот на Агенцијата едногласно донесе одлука за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко - говорно радио од општ формат, на македонски и албански јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Дебар, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 104.7 MHz.

Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведената одлуката да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека сега останува да се информираат сите заинтересирани страни, да се подготви и објави конкурсната документација и да тече процедурата.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО поради прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми. Објасни дека радиодифузерот не ја исполнил законската обврска да ги објави податоците односно да обезбеди јавност во

работењето. По извршениот надзор доставено му е Барање за изјаснување на кое што тој одговори дека прекршокот го направил поради технички причини односно снемало електрична енергија. Во секој случај прекршокот е направен и даден е предлог до Советот да се изрече мерка јавна опомена и да му се даде рок од дополнителни 45 дена во кои што треба да ја исполни обврската.

Г-дин Петрушевски рече дека неговото изјаснување не може да се земе како причина за оправданост затоа што не може да нема струја две недели туку може да дојде до прекин краток период.

Г-дин Трајчевски објасни дека ситуацијата кај овој радиодифузер е малку покомплицирана. Постои можност на следната седница да се поднесе предлог за започнување постапка за одземање на дозволата бидејќи тој подолго време нема струја што значи дека не емитува ни програма. Објасни дека во Агенцијата испратени се мејлови од кабелскиот оператор од Прилеп дека е така, меѓутоа сега се бара официјална потврда бидејќи доколку согласно Законот, ако радиодифузерот повеќе од 30 дена не емитува програма треба да се започне постапка за одземање на дозволата. Посочи дека на денешната седница се мерки од тековни активности на работата на Агенцијата кои мора да се проследат и да бидат преземени мерки.

Г-дин Петрушевски објасни дека нивните сомневање без да знаат за овие информации биле оправдани.

Г-дин Фиданоски рече дека во контекст на дискусијата на директорот, има некои сознанија од луѓе со кои што разговарал и кои го побарале да му кажат дека ситуацијата со овој радиодифузер е малку посериозна отколку за јавна опомена. Неговите сознанија велат дека од 18 јуни 2019 година во континуитет му е исклучена струјата, а од 11 јули вработените имаат добиено отказ во тој медиум. Што значи дека 70-тина дена е без програма и околу 50-тина дена луѓето се без работа. Можеби овој медиум како вработен формално има еден како бројка, така што и по тие основи не го исполнува условот за да ја задржи дозволата. Во врска со она што го кажал директорот дека на наредната седница ќе дискутираат по тоа прашање, искрено жали што се довел во таква ситуација. Не е прв што е во ваква состојба, бидејќи пред две седници имаше случај кога се одзема дозвола. Ова покажува дека очигледно во моментов дел од регионалните а особено локалните медиуми потешко се снаоѓаат или „кубурат“ за да преживеат. Објасни дека и покрај тоа што вработените имаат добиено отказ, има и податок дека 10-тина плати не им се исплатени. Искрено се надева дека овој медиум ќе успее да преброди но како што стојат работите не верува многу дека тоа ќе го стори во скоро време.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.03-3679/1 од 25.07.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО поради прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за стратешко планирање и авторски права да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во врска со Информацијата за промена на сопственичката структура на ТРД АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ-Куманово, без претходно доставено известување до Агенцијата и без одобрување од страна на Агенцијата, со Предлог-Одлука, објасни дека за ова се дискутираше на една од претходните седници и најавиле дека најверојатно ќе заврши добро и тоа се случи.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева објасни дека на една од претходните седници Советот изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 41 од ЗААВМУ. Но и покрај тоа секторот проверил дали со спроведената промена се прекршуваат одредбите од Глава 4 од Законот. Проверката покажа дека нема законски пречки и во таа насока е даден предлог да се донесе одлука со која се одобрува промената.

Г-дин Ајдини рече чисто како информација бидејќи се од Куманово побарале да се видат со него и да дадат на некој начин оправдување. Објасниле дека оваа грешка се случила од нивно незнаење, дека треба промената да се спроведе така како што првично постапиле но не е така. На крајот испадна дека сепак тие постапиле согласно Законот.

Советот на Агенцијата ја разгледа информацијата и едногласно донесе одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ-Куманово, во врска со Решението на Централниот регистар на Република Северна Македонија, деловоден број 35020190016116 од 15.07.2019 година.

Со промената во сопственичката структура на Трговското радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ-Куманово, во врска со Решението на Централниот регистар на Република Северна Македонија, деловоден број 35020190016116 од 15.07.2019 година, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон.

Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

**Разно**

Г-дин Јанчески во врска со Точка бр.2 - Предлог–одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Дебар, рече дека се сеќава дека кога го прифатиле Барањето на кандидатот

му напомenале  дека постојат одредени технички пречки, односно интерференции. Праша дали за фреквенцијата за локално радио за Дебар има такви пречки.

Г-дин Трајчевски одговори дека за општина Дебар нема такви технички пречки.

Бр. 02-4015/5
05-09 2019 година
С к о п ј е

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**